Врз основа на склучениот Меморандум за соработка склучен помеѓу Универзитетот Св. Кирил и Методиј и ОКТА АД - Скопје, со седиште во с. Миладиновци на 19.10.2017 година, Машинскиот факултет во Скопје распишува

# ОГЛАС

за доделување стипендии на студенти од втор циклус студии

ОКТА АД-Скопје, (во натамошниот текст: ОКТА) во учебната 2017/2018 година доделува три стипендии на студенти од втор циклус студии запишани на Машинскиот факултет во Скопје, односно по една на секоја од следните студиски програми:

- Индустриско инженерство и менаџмент (ИИМ);
- Материјали, заварување и конструктивно инженерство;
- Sustainable Energy and Environment.

## УСЛОВИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИЈА:

Право на стипендија има кандидатот кој ги исполнува следните услови:

1. Да има завршено прв циклус студии на Машинскиот факултет во Скопје во траење од 8 семестри, со постигнат просечен успех од најмалку 8;
2. Да има доказ за активно познавање на англиски јазик;
3. Да не е корисник на стипендија од други даватели;

## II. ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ:

1. Пријава (формулар достапен на интернет страната на Факултетот)
2. Копија од диплома/уверение за завршени академски студии од прв циклус и уверение за постигнат успех.
3. Уверение-потврда за активно познавање на англиски јазик.
4. CV.

## III. ВИСИНА НА СТИПЕНДИЈА:

Стипендијата ги покрива трошоците за школарина во учебната 2017/2018 година во висина од 2.000 евра.

## IV. НАЧИН И РОК НА ПРИЈАВУВАЊЕ

Крајниот рок за пријавување на кандидатите за користење на академската стипендија за студии од втор циклус е 24.10.2017 година.

Документите може да се достават во архивата на Факултетот или по пошта на адреса: Машинскиот факултет во Скопје, ул. Руѓер Бошковиќ, бр. 18, Скопје.

Кандидатот ќе биде избран од страна на Комисија составена од преставник на ОКТА и два преставници од Факултетот, а за кандидатите кои ќе влезат во потесен круг ќе биде организирано интервју.